**ЗАПИСНИК**

**од 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**

**и аудиовизуелни медиумски услуги**

**одржана на 05.01.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, м-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 1-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во врска со отсуство на седницата, најави дека поради сообраќајниот метеж во градот, г-ѓа Машовиќ малку ќе задоцни.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", (г-ѓа Машовиќ не беше присутна во моментот на гласање), го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.12.2016 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување, на локално ниво.
3. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Финансиско - осигурителни услуги.
4. Предлог-одлука за набавка на софтверски лакет за заштита на сервери - Анти вирус.
5. Разно.

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа предложениот записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.12.2016 година.

Г-ѓа Машовиќ, пристигна на седницата.

Г-дин Фиданоски, во врска со записникот, даде забелешка која се наоѓаше на страна 3 од вкупниот материјал за седницата. Предложи, на почетокот на страната, во вториот пасус, презимето „Фидански" да се замени со "Фиданоски[11].

Советот, со предложената техничка корекција од г-дин Фиданоски, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои Записникот од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.12.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување, на локално ниво. Објасни дека од општина Кривогаштани, во Агенцијата беше доставено Писмо за намери (барање) за доделување на дозвола за музичко - говорно радио од општ формат. За таа цел, се изработи „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани. Наодите од Студијата покажаа дека постои оправданост за објавување на јавниот конкурс. Исто така на барање на АААВМУ, Агенцијата за електронски комуникации, со допис одговори дека за таа намена има слободна фреквенција. Поради дилемата која постоеше дали во овој период, до формирање на новата Влада на Република Македонија може да се објави јавен конкурс, Агенцијата се обрати до Државната комисија за спречување на корупцијата. Информира дека во Мислењето кое таа го достави е наведено дека не постои законска пречка Агенцијата, согласно рокот пропишан во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да ја донесе одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување. Потсети дека сите дописи и документи по точката, членовите на Советот ги имаат добиено во материјалите за седницата. Г-дин Трајчевски, исто така објасни дека во првичниот материјал кој беше доставен до членовите на Советот, имаше наведено еден износ, но подоцна во конечниот материјал имаше измени во износот, кој потенцијалните кандидати треба да го уплатат. Таквата измена се должи од причина што трошоците за објавување на одлуката во дневниот весник Коха на албански јазик и трошоците за објавување во Службен весник на РМ, се зголемени. Трошоците од 60.000,00 денари, се всушност оние трошоци кои Агенцијата реално ги има, за да се објави одлуката.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-6 од 04.01.2017 година и едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на подрачјето на општина Кривогаштани, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 96.8 MHг, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 3**

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: Финансиско - осигурителни услуги. Објасни дека предметот на осигурување, се однесува за осигурување на недвижноста во кое е сместено седиштето на Агенцијата, со дополнување за осигурување од ризик земјотрес и тоа е новина во споредба со техничката спецификација од минатата година, како и осигурување на целокупната опрема во објектот, потполно Каско осигурување на службените возила на Агенцијата и деловно патничко осигурување на лицата вработени во Агенцијата при службени патувања.

Г-дин Трајчевски, праша дали останува осигурувањето во врска со можни штети од протести и демонстрации?

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, одговори дека тој дел останува исто како и минатата година.

Г-дин Фиданоски, праша дали во јавната набавка, за сите наведени потточки ќе се бара да ги исполни една осигурителна компанија, затоа што станува збор за различни сегменти на осигурување? Објасни дека прашањето го поставил, затоа што можеби една осигурителна компанија има најповолни услови за еден сегмент, друга за друг.

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, одговори дека станува збор за неделива јавна набавка. Во јавните набавки договорните органи си ги утврдуваат условите, за потоа секој економски оператор вклучувајќи ги и осигурителните компании си дефинираат понуда согласно утврдените услови.

Г-дин Трајчевски, појасни дека оваа јавна набавка се однесува само за дел од објектот и опремата што се во сопственост на АААВМУ, а не и за другите институции кои имаат помал дел на сопственост на објектот, тоа е нивна одлука што ќе прават и како ќе постапат.

Г-дин Трајчев, рече дека некаде во текстот забележал реосигурување. Во таа насока праша дали ќе се бара реосигурување на целата сума, на дел како задолжителна обврска на понудувачите, односно во кој контекст е ставено тоа и дали ќе се утврди некој процент на реосигурување?

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, одговори дека тоа се услови кои што се предвидени со законската регулатива која ја уредува оваа материја, така што сите осигурителни компании мора да имаат обезбедено таков вид осигурување. Во однос на процентите, објасни дека е потребно, надлежното одделение да изврши допрецизирање на тие износи, бидејќи колегите се во гужва со фактурирање. Појасни дека надлежното одделение кое ја предлага јавната набавка, ќе треба уште еднаш да ја провери оваа техничка спецификација.

Г-дин Трајчев, рече дека секако Советот дава одобрување за донесување на одлука за потреба од јавна набавка, а не и за техничката спецификација. Директорот понатаму е одговорен за процедурата и за одлуката што ќе се донесе.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-25/3 од 04.01.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017- та година.

**Точка 4**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, ја образложи Предлог-одлуката за набавка на софтверски пакет за заштита на сервери -Анти вирус.

Г-дин Петрушевски, констатира дека сегашните предвидени финансиски средства од средствата за претходната набавка на софтверски пакет за заштита на компјутери - Анти - вирус, се нешто повисоки. Праша дали тоа се должи затоа што сега се работи за софтверски пакет за заштита на сервери?

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, одговори дека за софтверскиот пакет за заштита на сервери до Агенцијата беа доставени две понуди. Бидејќи е период на новогодишни празници, повеќето компании не работеа но сепак се успеа да се добијат две понуди. Се работи за серверска лиценца која вообичаено е поскапа од онаа за компјутери. По разгледување на понудите, се констатирало дека понудената цена е добра и финансиски исплатлива за Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, објасни дека инсталацијата на софтверскиот пакет за заштита на сервери е посложена и бара други мерки отколку за обична станица.

Г-дин Трајчевски, објасни дека Советот на претпоследната седница во 2016 година, во Планот за јавни набавки предвиде набавка за антивирус, меѓутоа дел од тие решенија се набавени со набавките од мала вредност, едната во декември и втората сега. Објасни дека ќе се набавуваат дополнително и други компјутери и предвидени еден или два сервера, бидејќи се работи за замена на стара опрема со нова, и кога ќе се има точниот број на нови компјутери и сервери ќе треба и таа јавна набавка да се спроведе. Износот ќе треба да се коригира, бидејќи веќе со две набавки од мала вредност за Анти-вирус се покриени постојните 58 компјутери и постојните сервери.

Г-дин Трајчев, праша, дали со тоа што сега се спроведуваат две јавни набавки, а се намалува износот под прагот за начинот на тилот на постапката, не се прави грешка со тоа што ако добро сме планирале има една постапка, сега различна од таа? Дали тоа би било проблем од законски аспект, затоа што се набавува иста работа, минатата седница едно, сега друго?

Г-дин Трајчевски, објасни дека тоа било минатата година, односно една календарска година, сега друга, минатиот пат беа лиценци за компјутери, сега антивирус за сервери, а дополнително ќе има нова набавка на компјутери и сервери и тогаш ќе се оди со спроведување на јавната набавка што е предвидена во Планот за јавни набавки.

Г-дин Трајчев, праша дали претходната јавна набавка е реализирана во 2016 година, за да се смета дека ова е во различна година, за да не испадне дека во иста година, за иста работа се прават две набавки со кои се намалува вредноста, и се прави различна постапка? Побара тоа да се дефинира, за да тој дел се разјасни.

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, одговори дека доколку мисли за набавката софтверски пакет за заштита на компјутери - Анти - вирус од минатата седница, таа е веќе реализирана, Агенцијата ги има инсталационите ЦД-а, и е платена. За да се спроведат двете јавни набавки од мала вредност, прашале во Биро за јавни набавки, каде им било одговорено дека нема никакви законски пречки по однос на спроведување на двете набавки.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-3/2 од 04.01.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка од мала вредност на софтверски пакет за заштита на сервери (Анти-вирус), за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со која се одобруваат финансиски средства во износ од 30.600,00 денари без пресметан ДДВ (износ на ДДВ кој се пресметува посебно и изнесува 1.530,00 денари, односно вкупната цена со вклучен ДДВ изнесува 32.130,00 денари), согласно доставената финансиски најповолна понуда бр.05-34/1 од 04.01.2017 година, од страна на Друштво за производство, трговија, услуги и компјутерски консалтинг „ИСКОН РЕШЕНИЈА" ДОО, експорт-импорт Скопје.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017- та година.

**Точка 5**
**Разно**
Немаше точки под Разно

Подготвил/Контролирал:
м-р Ружица Бошнаковска Јотевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 02-19/5**
**17-01.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**